ДРЖАВНА ВИДЕО ЛОТАРИЈА
НА МАКЕДОНИЈА
CASINOS AUSTRIA

Врз основа на член 235 од Закон за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија" бр. 28/2004; 84/2005; 25/2007; 87/2008; 42/2010; 48/2010; 24/2011; 166/2012; 70/2013; 119/2013; 120/2013; 187/2013; 38/2014; 41/2014; 138/2014 и 88/2015) член 19 од Договорот за основање на друштво со ограничена одговорност – Друштво за приредување игри на среќа Државна видеолотарија на Република Македонија – Касинос Аустриа ДОО Скопје (Пречистен текст) заведен на 17.12.2015 година, Пречистен текст на Правилникот за внатрешна организација на Друштвото бр. 02-578/2 од 31.07.2014 година, Одлуката за овластување на Генералниот директор за потпишување на акти 02-580/1 од 31.07.2014 година, а во согласност со Општите правила за електронски игри на среќа - Видеолотарија (Пречистен текст) заведени со архивски број 03-1066/2 од 08.07.2015 година, Генералниот директор на Друштво за приредување игри на среќа Државна видеолотарија на Република Македонија - Касинос Аустриа ДОО Скопје донесе

# ОДЛУКА
## за прераспределување на износот на неисплатените добивки од електронските игри на среќа на видеолотариски терминали чии рок за исплата е изминат

### Член 1

Вкупниот износ на неисплатени добивки од електронските игри на среќа на видеолотариски терминали кои ги приредува Државна видеолотарија на Република Македонија - Касинос Аустриа ДОО Скопје, а чии рок за исплата (30 дена од денот на остварување на добивката) заклучно со 31.12.2015 година е изминат, изнесува 1.453.916,00 денари.

### Член 2

Со оваа Одлука се утврдува дека вкупниот износ на неисплатени добивки од електронските игри на среќа на видеолотариски терминали од член 1 на оваа Одлука, е приход на Државна видеолотарија на Република Македонија за 2015 година и истиот ќе се евидентира во финансиската евиденција на друштвото.

Приходуваните средства од став 1 на овој член ќе се прераспределат и користат за тековно работење на друштвото.

### Член 3

Составен дел на оваа Одлука е Прегледот за вкупниот износ на неисплатени добивки од електронските игри на среќа на видеолотариски терминали чии рок за исплата заклучно со 31.12.2015 година е изминат.

**Член 4**

Се задолжува Секторот за финансии во Државна видеолотарија Република Македонија - Касинос Аустриа ДОО Скопје да ја реализира оваа Одлука во согласност со законските прописи, Општите правила за електронски игри на среќа - Видеолотарија (Пречистен текст) заведени со архивски број 03-1066/2 од 08.07.2015 година, одобрени од Министерство за финансии.

**Член 5**

Оваа Одлука стапува на сила со денот на нејзиното донесување.

Број 05-5/1

04.01.2016

Генерален директор

Дане Кузмановски

ДРЖАВНА ВИДЕО ЛОТАРИЈА
НА МАКЕДОНИЈА
CASINOS AUSTRIA

# ПРЕГЛЕД

**на неисплатени добивки од електронските игри на среќа на видеолотариски терминали чии рок за исплата заклучно со 31.12.2015 година е изминат**

Датум на преглед: 04.01.2016 година
Период на преглед: 01.01.2015 - 31.12.2015 година

| Деловен соработник | Број на неисплатени добивки | Износ на неисплатени добивки чии рок за исплата е изминат (во денари) |
|---|---|---|
| БЕТ ТУ МАР ДООЕЛ Скопје | 495 | 40.524,00 |
| ВЕМАКС ТОБАКО ДООЕЛ Кичево | 211 | 3.280,00 |
| ИНТЕРМЕЦО МКД ДООЕЛ Скопје | 196 | 755,00 |
| МДФС ИНТЕРНАЦИОНАЛ ГРУП ДОО Гевгелија | 2.679 | 1.240.778,00 |
| СЕНАТОР МАКЕДОНИЈА ДОО Скопје | 6.013 | 62.511,00 |
| СПОРТ - ЛАИФ ТРЕЈД ДОО Скопје | 32.806 | 106.068,00 |
| **ВКУПНО** | **42.400** | **1.453.916,00** |

**Сектор за информатички технологии**